Предлагач: Влада на Република Северна Македонија

Претставници: м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии

проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии

Повереници:

Аница Иваноска - Стрезовски, државен советник во Министерството за финансии и

Тања Трипунова, државен советник во Министерството за финансии

Предлог на закон
за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,
по скратена постапка

Скопје, август 2024 година

Влада на Република Северна Македонија

Бр. 41-7087/3
Скопје, 6 август 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / E pranuar: 08. 08. 2024
Орг. един. / Njësia Org.: 08 | Број / Numër: 39651 | Прилог / Shtojcë: 1 | Вредност / Vlera:

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 6 август 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Тања Трипунова и Аница Ивановска Стрезовски, државни советници во Министерството за финансии.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Христијан Николов, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М.Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Одобрил: | Хасим Муртезани, заменик на генералниот секретар на Владата |

# ВОВЕД

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) се уредува финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Во член 8 од Законот се уредуваат изворите на финансирање на единиците на локалната самоуправа преку дотации од Буџетот на Република Северна Македонија.

Со Предлогот на закон се дополнува член 8 со додавање на нов став (5) со кој се дава можност во случај на обезбедување на дополнителни средства со измените и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, надлежните министерства и фондови во рок од еден месец ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на капитални дотации за општините. Истовремено во член 11 се додава нов став (6) со кој се регулира дека во случај на обезбедување на дополнителните финансиски средства, капиталната дотација се користи без претходно утврдена програма од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Додека пак во член 17 се додава нов став (4) во кој се уредува дека трансферот на капиталните дотации од Буџетот на Република Северна Македонија до општините ќе се врши во рокови утврдени во договорот за капитални дотации склучен помеѓу надлежните министерства и фондовите и општините.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предложените измени на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа имаат за цел да го олесни работењето на општините и обезбедување на дополнителни финансиски средства за капитални инвестиции.

Со оваа измена се овозможува надлежните министерства и фондови во случај на обезбедени дополнитени средства со измените и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија во рок од еден месец да ги објават утврдените критериуми, постапката и роковите за доделување на капитални дотации до општините.

## III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага повлекува обврска за обезбедување средства за неговото спроведување од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот повлекува обврски за обезбедување финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, овој закон се предлага да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

Член 1

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) во членот 8 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) По исклучок од став (4) на овој член, во случај на обезбедување на дополнителни средства со изменувањата и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија, надлежните министерства и фондовите во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на истите ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на капитални дотации.“.

Член 2

Во членот 11 по ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:
„(6) По исклучок од став (1) на овој член, во случај на обезбедување на финансиски средства согласно член 8 став (5) од овој закон капиталната дотација се користи врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија согласно закон.“.

Член 3

Во членот 17 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:
„(4) Трансферот на капиталните дотации од Буџетот на Република Северна Македонија до општините се врши во рокови утврдени во договорот за капитални дотации склучен помеѓу надлежните министерства и фондовите и општините.“

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) се уредува финансирањето на единиците на локалната самоуправа.

Во член 8 од Законот се уредуваат изворите на финансирање на единиците на локалната самоуправа преку дотации од Буџетот на Република Северна Македонија.

Целта на Предлогот на закон за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа е да се олесни работењето на општините и обезбедување на дополнителни финансиски средства за капитални инвестиции.

Со Предлогот на закон се дополнува член 8 со додавање на нов став (5) со кој се дава можност во случај на обезбедување на дополнителни средства со измените и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, надлежните министерства и фондови во рок од еден месец ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на капитални дотации за општините. Истовремено во член 11 се додава нов став (6) со кој се регулира дека во случај на обезбедување на дополнителните финансиски средства, капиталната дотација се користи без претходно утврдена програма од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Додека пак во член 17 се додава нов став (4) во кој се уредува дека трансферот на капиталните дотации од Буџетот на Република Северна Македонија до општините ќе се врши во рокови утврдени во договорот за капитани дотации склучен помеѓу надлежните министерства и фондовите и општините.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи, а со цел распределба на капитални дотации за инфраструктурни проекти на општините.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Обезбедување на дополнителни средства на општините за реализација на капитални инвестиции.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КОИ СЕ ДОПОЛНУВААТ

## Член 8
## Дотации од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите

(1) Со дотации од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.
(2) Од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите се распределуваат следниве видови на дотации:
- приходи од данок на додадена вредност;
- наменска дотација;
- капитална дотација;
- блок дотација и
- дотација за делегирана надлежност.

(3) Видот, износот и распределбата на дотациите по општини се составен дел на Буџетот на Република Северна Македонија и на буџетите на фондовите.
(4) Надлежните министерства и фондовите најдоцна до 30 април во тековната година, ги објавуваат утврдените критериуми, процедури и рокови за распределба на наменски и капитални дотации.

## Член 11
## Капитална дотација

(1) Капиталната дотација врз основа на програма утврдена од Владата на Република Северна Македонија, се користи за финансирање на инвестициони проекти.
(2) Надлежните министерства и фондовите при распределбата на капиталните дотации, приоритет даваат на проектите со целосно обезбедени финансиски средства.
(3) Надлежните министерства и фондовите го следат користењето на капиталната дотација.
(4) При констатирање на неправилностите во користењето на дотацијата, надлежните министерства и фондови ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.
(5) Кај општините кај кои ќе се констатира ненаменско трошење на средствата, може да се стопира финансирањето на капитални инвестиции.

## Член 17
## Трансфер на дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите

(1) Дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетите на фондовите се трансферираат согласно со прописите за трезорско работење.
(2) Трансферот на приходите од данок на додадена вредност и блок дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија до буџетот на општината се врши во најмалку 12 рати.
(3) Дотациите од ставот (1) на овој член се трансферират најдоцна до последниот работен ден во месецот за претходниот месец, освен последната рата, која се трансферира најдоцна до 15 декември во тековната буџетска година.

Влада на Република Северна Македонија

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 4.631.000 | | | |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (B-A)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | | | |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Плати Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: Заем од Светска Банка - Проект за локални патишта | 1.231.752 | | | |
| 11. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 A до 11 G) | | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | | | | |
| 14. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | | | | |
| 16. Дата на добивање на одговор од | | | | |

Влада на Република Северна Македонија

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии | | | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: | | | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: | | | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | | | |
| 21. Одобрено/Дата: | | | |
| Државен Секретар | 10 / 08 / 2024<br>Ден/ месец/ год. | Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска - Кочоска | 08 / 08 / 2024<br>Ден/ месец/год. |

Изработил: Александра Петкановска Трпеска
Одобрил: Аница Иваноска – Стрезовски/Тања Трипунова

Проверил: